МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

# СПИСАНИЕ
**на научни трудови**

**ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА**
**НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**„МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД“**
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

***Година VIII*** ***Број 3*** ***Април 2021***

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -
- 2021 -

**Издавач:** Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе

**За издавачот:** м-р Михаела Ѓорчева, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

**Организационен одбор:**
Претседател: проф. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: д-р Стромов Владимир Јуревич, Русија
Член: м-р Борче Серафимовски
Член: м-р Милена Спасовска

**Уредувачки одбор:**
Проф. д-р Ленче Петреска - Република Северна Македонија
Проф. д-р Александар Илиевски - Република Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ - Република Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ - Република Србија
Проф. д-р Тодор Галунов - Република  Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска - Република Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкиќ - Република  Босна и Херцеговина
Проф. д-р Татјана Осадчаја - Руска Федерација
Доц. д-р Вера Шунаева - Руска Федерација

**Уредник:** проф. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Адриано Панајотов, Маја Маријана Панајотова, Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Сверна Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Уредувачкиот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**

Уредувачкиот одбор на списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

**Печати:** Книжарница и печатница „Славјански“, Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 8, Број 3, Април 2021, Свети Николе, Република Северна Македонија

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ

376.091-056.26/.36:364-787.7(4)

**Доц. д-р Горица Поповска Налевска**
**Проф. д-р Анита Ристеска**
Факултет за психологија
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе – Битола
Р. Северна Македонија

# ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СТУДИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ ПРЕКУ ФОРМИРАЊЕ ЦЕНТРИ ЗА ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**АПСТРАКТ:** Еден од приоритетите на Европската Унија во областа на високото образование претставува градењето на инклузивен и поврзан систем на високо образование. Инклузијата во високото образование значи поголема вклученост на недоволно претставените групи и групите со посебни потреби во процесот на високото образование. Полека се напушта пристапот дека високообразовниот процес треба да биде само елитистички и ексклузивен, и постепено се свртува кон демократски и инклузивен. И покрај соодветните законски предуслови кои декларативно обезбедуваат спроведување на разумно прилагодување на образовниот систем кон индивидуалните потреби на лицата со попреченост, младите со попреченост се одлучуваат да студираат во помала мера. Една од причините е несоодветниот систем за поддршка во контекст на високото образование. Следејќи го примерот и позитивните искуства од европските држави од формирањето и работата на Центрите за поддршка на студентите со попреченост во трудот презентираме модел на Центар за подршка на студентите со попреченост кој може да биде имплементиран во склоп на универзитетите и факултетите во нашата земја.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** студенти со попреченост, инклузија, високо образование, Центри за поддршка

# IMPROVING THE QUALITY OF STUDY OF STUDENTS WITH DISABILITIES BY ESTABLISHING SUPPORT CENTERS FOR STUDENTS WITH DISABILITIES

**ABSTRACT:** One of the priorities of the European Union in the field of higher education is to build an inclusive and connected system of higher education. Inclusion in higher education means greater involvement of underrepresented groups and groups with special needs in the higher education process. The approach that the higher education process should be only elitist and exclusive is slowly being abandoned, and it is gradually shifting to a democratic and inclusive one. Despite the appropriate legal preconditions that declaratively ensure the implementation of a reasonable adaptation of the education system to the individual needs of persons with disabilities, young people with disabilities decide to study to a lesser extent. One of the reasons is the inadequate support system in the context of higher education. Following the example and positive experiences from European countries from the establishment and operation of the Centers for Support of Students with Disabilities, in this paper

we present a model of the Center for Support of Students with Disabilities that can be implemented within universities and faculties in our country.

**KEYWORDS:** students with disabilities, inclusion, higher education, Support Centers

**ВОВЕД**

Клучен принцип за остварување на инклузијата е менување и прилагодување на општествената заедница така што ќе може да ги подржи сите свои членови без разлика на различноста. Инклузивно општество е она кое го подржува, помогнува и олеснува вклучувањето во општествените текови на сите членови вклучувајќи ги и членовите со различна попреченост. Тенденција на повеќето држави во светот е развивање политики за промовирање на инклузијата како важен процес во демократските општества, преку кој се дава еднаква можност за сите и максимална флексибилност во задоволување на специфичните и општествените потреби на поединецот. Имајќи предвид дека инклузијата претставува развоен и динамичен процес, развојното ниво на инклузијата во различни земји се одвива со различно темпо.

Инклузијата во образованието претставува процес на меѓусебно уважување на различноста на секој ученик и на неговите потреби, каде ученикот е во центарот на вниманието, а образовниот систем се справува со предизвиците исправени пред сите ученици. Флексибилноста на образовниот системот се рефлектира и врз методите и материјалите што се користат за да им се овозможи на студентите најефикасен пристап до редовните наставни програми. Суштината на инклузивното образование не е само воспитание и образование на деца и млади со попреченост. Клучните елементи на инклузивната настава во чиј центар се сите деца и млади се: овозможување повеќе патишта на учење; поттикнување кооперативно учење; создавање целисходни наставни можности; развивање атрактивни и флексибилни наставни средини; преосмислување на стратегиите за оценување и менување на улогата на наставниците. “Вклучувањето е процес на решавање и одговарање на разновидноста на потребите на сите ученици преку зголемување на учеството во учењето, културите и заедниците...Тоа вклучува промени и екс-содржини, пристапи, структури и стратегии, со заедничка визија дека ги вклучува сите деца од соодветната возраст и со убедувањето дека редовниот образовен систем е одговорен за образованието на сите деца “. (УНЕСКО, 1994). Во поширока смисла образовната инклузија е целосна воспитно-образовна концепција, постојан и комплексен процес, перманентен и сеопфатен пристап, специфична воспитна филозофија и единствена образовна политика, т.е. прилагодување на сите услови, средината за учење, очекуваните резултати, задачите, наставните форми, методи и се што е потребно за ученикот да напредува во учењето, однесувањето и развојот на сите потенцијали на неговата личност... поаѓајки од поединецот до целокупната општествена заедница, се треба да биде во духот на инклузијата за целосно да успее.

Инклузивното образование како интегрална компонента на целокупниот образовен систем кој овозможува соодветно образование за сите, ги распознава и почитува различните потреби и способности вклучувајќи различни стратегии на учење. Флексибилноста на системот се рефлектира врз методите и материјалите кои се користат за да им се овозможи на децата со попреченост најефикасен пристап до редовните наставни програми (Јачова, 2002). Инклузивното

образование треба постојано да трпи промени и да се прилагодува на потребите на учениците и студентите со попреченост. Сепак, сеуште постојат многу предизвици пред инклузивното образование, не само во нашата држава, туку и во рамки на Европа. Во земјите постојат многу сличности но и разлики во политичкото уредување и практики кои се применуваат кон спроведување на инклузивното образование. Промените се неопходни, а тие подразбираат и спроведување на законски рамки кои нема да бидат двосмислени, спроведување на соодветни практики и изготвување на студии кои ќе го дополнат квантумот на знаење, практики и компетенции.

## МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ НА КОИ СЕ ЗАСНОВА ОБРАЗОВНАТА ИНКЛУЗИЈАТА

Образованието, несомнено, претставува еден од основните постулати, столб на секое општество, без исклучок. Темелите на инклузивното општество произлегуваат и се аналогија на градењето инклузивно образование, бидејќи неспорен е фактот според кој од образованието произлегуваат ученици кои утре ќе станат граѓани на државата, носители на севкупните општествени текови, промени и вредности. Генералните интенции на институциите во нашата држава се националните политики да ги насочат кон креирање инклузивно општество на принципот еднакви права за сите, според кој секој човек има еднакви права иможности, односно почитување на индивидуалните разлики.

Република Северна Македонија е потписник на значајни меѓународни и стратешки документи на кои се заснова инклузивното образование:

- Универзална Декларација на човековите права (10 Декември, 1948)
- Конвенција за правата на детето (ратификувана од РМ 1993 год.)
- Соопштение од Саламанка (1994)
- Светски форум за образование на сите и Рамка за дејствување (Дакар, 2000)
- Конвенцијата на правата на лицата со попреченост (ратификувана од РМ во декември 2011 год.)

Со ратификацијата на Конвенцијата на правата на лицата со попреченост земјата е обврзана да ги почитува индивидуалните и колективните права на граѓаните со попреченост и да создаде целосни услови за нивно остварување како на национално така и на локално ниво.

Извесно е дека воспитанието и образованието на децата и младите со попреченост во нашата земја не се потпира врз долга традиција. Во развојниот период од шеесетина години преземени се следните активности:

- нормативно е регулиран флексибилен систем на воспитание и образование;
- создадена е мрежа на установи што ги задоволува постојните потреби;
- утврден е систем на финансирање;
- обезбеден е задолжителен тимски преглед од соодветни стручни комисии за секое дете пред упатување во соодветна институција;
- воспитно - обазовниот процес се реализира според наставни планови и програми кои содржат специфичности, со што не се доведуваат во прашање општите образовни цели.

Општествените и демократските предизвици со кои се соочуваат земјите не само во Европската Унија, туку насекаде во светот, покажуваат дека високото образование има важна улога во решавање на тие предизвици. Токму поради тоа Европската Унија ја препознава важноста на тоа да се има квалитетно високо образование и со досегашната поддршка во областа на високото образование преку финансиска помош и со политика на соработка, покажува значителен успех. Еден од приоритетите на Европската Унија во областа на високото образование претставува градењето на инклузивен и поврзан систем на високо образование. Инклузијата во високото образование значи поголема вклученост на недоволно претставените групи и групите со посебни потреби во процесот на високото образование. Полека се напушта пристапот дека високообразовниот процес треба да биде само елитистички и ексклузивен, и постепено се свртува кон демократски и инклузивен. Затоа е важно високообразовните институции да ги редефинираат своите мисии, цели и визии и во нив да ги интегрираат демократските и инклузивни принципи.

Инклузијата во процесот на високото образование значи вклучување на сите учесници во процесот на високото образование, без разлика дали се работи за студенти со попреченост, маргинализирани групи на студенти, посебни категории, или надарени и талентирани студенти. Ова значи многу повеќе од само финансиска поддршка на тие студенти, иако и таа е неопходна за студентите кои доаѓаат од семејства со ниски приходи. Идејата за инклузија значи на сите да им се понудат еднакви и фер можности за учење и напредок, овозможување на време, простор, алатки и знаење преку учење и подучување. Овој пристап во образованието бара индивидуален пристап кон секој студент, и студентот се гледа како личност што заслужува внимание, помош, разбирање за да може да постигне успех понатаму. Успехот на инклузивното образование значи прифаќање, разбирање и следење на студентските различности и посебности, и тоа вклучува повеќе аспекти, како физички, когнитивен, академски, социјален и емоционален аспект. Главната идеја во овој процес е сите студенти да се чувствуваат еднакво, со исти можности, да се чувствуваат добредојдено, без разлика на тоа од каде доаѓаат, со какви можности и од какви услови. Ова значи дека во пракса инклузивното образование треба да биде длабоко вкоренето во наставниот план и програма, а не само конкретна интервенција за решавање на проблеми.

Проблемот на еднакви можности во контекст на високото образование се забележува во рамките на пошироката тема на социјалната димензија во образованието, што е дефинирано во основните документи на Болоњскиот процес (Прашко комунике (2001), Берлинско комунике (2003), Бергенско комунике (2005), Лондонско комунике (2007)).[1] Социјалната димензија на високото образование е институционална мерка што придонесува и поттикнува еднакви можности за запишување на студиите, за време на траењето и крајот на студиите, со посебен акцент на студентите од недоволно застапени групи, кои вклучуваат и студенти со попреченост (Farnell, 2011). Социјалната димензија на високото образование подразбира дека високообразовните институции мора да играат важна улога во намалувањето на социјалните нееднаквости преку поттикнување поголема вклученост на студентите од ранливите социјални групи и со отстранување на пречките за нивно запишување и завршување.

1. http://www.iro.hr/hr/javne-politike-visokog-obrazovanja/pravo-na-obrazovanje/medjunarodni-dokumenti/

Споменатите основни документи на Болоњскиот процес ја охрабруваат и истакнуваат идејата за еднакви можности на сите за пристап до високото образование засновани врз нивните способности (Farnell i Kovač, 2010).

## РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО ОДНОС НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ НА СТУДЕНТИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Попрецизен пристап кон дефинирање на концептот на попреченост беше овозможен со објавувањето на Меѓународната класификација на оштетувања, попречености и хендикеп на Светската здравствена организација во 1980 година. Говорејќи за лица со попреченост, овој документ обезбедува класификација во три ставки: оштетување, попреченост и хендикеп. Оштетување е секоја загуба или отстапување од нормалната ментална, физиолошка или анатомска структура или функција. Попреченост значи какво било ограничување или недостаток (што произлегува од оштетување) на способноста да се изврши активност на начин или до степен што се смета за нормален за човечко суштество. Попреченост, според тоа, значи објективизирање на оштетувањето и на тој начин ги рефлектира нарушувањата на ниво на личноста. Хендикеп е недостаток на одредена индивидуа, што се јавува поради оштетување или попреченост, и го ограничува или спречува да ја исполни својата природна улога во општеството (во зависност од возраста, полот и социјалните и културните фактори). Хендикепот произлегува од непостигнувањата или неможноста за прилагодување на очекувањата или социјалните норми (Marinić, 2008). Најновата верзија на Класификацијата на функционирање, попреченост и здравје на Светската здравствена организација во 2001 година, гледа на функционирањето и попреченоста на индивидуата како резултат на интеракцијата на физичката или менталната состојба на една личност и социјалното и физичкото опкружување. Според оваа класификација, попреченоста не е карактеристика на една личност, туку на низа фактори кои ја создаваат општествената средина.

Во однос на терминологијата во Република Северна Македонија, согласно Извештај на УНИЦЕФ (2014) преку кој се мапираа организациите кои работат во оваа област, токму организациите се изјасниле дека како најсоодветни термини ги прифаќаат „лица со посебни потреби" или „лица со попречености", но постои голема разноликост и поделеност. Па, така се употребуваат и други термини, како „лица со инвалидност" , „лица со хендикеп", „лица со атипичен развој", „лица со потешкотии во развојот".

Правилникот за оценка на видот и степенот на попреченост на лицата во менталниот или телесниот развој (чл.4, Службен весник на РМ бр. 172/2016 год.) ја врши следната класификација:

» лица со попреченост во менталниот развој (лесна, умерена, тешка и длабока)
» лица со оштетен вид (слабовидни и слепи);
» лица со оштетен слух (глуви и наглуви);
» лица со пречки во телесниот развој;
» лица со пречки во гласот, говорот и јазикот;
» лица со аутизам и друго первазивно развојно растројство;
» хронично болни лица;
» лица со повеќе видови на попреченост (комбинирани пречки во развојот).

Релеванти истражувања покажуваат дека студентите со попреченост се недоволно застапени во високото образование (Macleod and Cebula, 2009). Но, сепак, бројот на студенти со попреченост постојано се зголемува на универзитетите (Department of Education and Training, 2014). Студентите со попреченост продолжуваат да бидат растечка демографска група на факултетските и универзитетските кампуси (Sanford et al., 2011). Според Hurst and Smerdon (2000), 63 % од сите средношколци со попреченост се запишуваат на високообразовните институции. Поголем број од студентите со попреченост имаат тешкотии во учењето, АДХД и нарушувања во менталното здравје (Raue and Lewis, 2011). Голем број од студентите со попреченост се соочуваат со значителни пречки кои негативно се рефлектираат на нивните искуства во високото образование. Во академските институции не постојат ресурси што ќе го направат високото образование подостапно за студентите со различна инвалидност (телесно и сензорно оштетување) ниту, пак, се одвојуваат доволно финансиски средства за физичка адаптација на објектите наменети за теоретска и практична настава, а непостои ни посебен фонд за асистивна технологија и за друга аадаптирана опрема со која би се зголемила ефикасноста во образовниот процес. Архитектонската недостапност на високо образовните институции, недостатокот на психосоцијална поддршка, негативните социјални ставови и социјалната изолација, како и недостатокот на финансиски средства влијаат врз успехот и инклузијата на студентите со инвалидност во високото образование. (Ramot and Feldman, 2003).

Alliston, (2011); Lombardi and Murray, (2011); Cook et al. (2009), истакнуваат дека факултетскиот персонал од женски пол покажува поголемо знаење за попреченостите, подготвеност за прифаќање и поддршка на студентите со попреченост. Резултатите од други истражувања укажуваат дека персоналот што имал контакт со студенти со попреченост има попозитивни ставови кон инклузијата на студентите со попреченост (Bourke, Strehorn and Silver, 2000). Универзитетскиот персонал кој имал почесто контакт со студентите со попреченост покажал и поголеми познавања за попреченоста. (Lombardi and Murray, 2011). Некои студии укажуваат дека универзитетскиот персонал нема солидно разбирање за законодавната институционална политика за инклузија на студентите со попреченост (Abu-Hamour, 2013; Katsiyannis, Zhang, Landmark and Reber, 2009; Murray, Flannery and Wren, 2008).

Во истражувањето „Анализа на условите за лицата со посебни потреби во рамките на средното и високото образование“спроведено во Република Северна Македонија од страна на Младинскиот образовен форум (2018) изнесени се клучните заклучоци:

» недостига јасно дефинирана законска рамка за високото образование на лицата со посебни потреби;
» недостигаат архитектонски услови т.е физички пристап внатре и надвор во високообразовните институции;
» недостигаат прилагодени хидиенски услови (функционални тоалети) за одредени студенти со посебни потреби;
» најголем дел од вработениот наставен кадар не е подготвен за работа со студенти со различен вид на попреченост;
» недостаток на прилагодени материјали за учење (книги, учебници, скрипти);
» недостаток од приспособување на наставата, начините на проверка и оценување на знаењата на студентите со попреченост;

» непостоење на асистивна технологија во најголем дел од високообразовните институции.

Овозможувањето на вертикална проодност во образованието последниве години само малку ја измени сликата за продолжување на високо образование на младите луѓе со попреченост. Недоволно мотивирачкото средно образование, како и недоволната поддршка понатаму и придонесува високото образование сеуште да не е предизвик за оваа група младинци. Оние кои се решаваат да бидат дел од високообразовниот процес се соочуваат со низа проблеми. Инклузивното високо образование мора да биде дел од заложбите за инклузивното образование воопшто.

Како особено важни за процесот на поголема инклузија на лицата со попреченост е воспоставувањето на Национален регистар на лица со попреченост. Во нашата земја не постои сигурен и систематски начин за собирање податоци за лица со попреченост односно нема регистар на лица со попреченост ниту број на ученици/студенти со попреченост. За потребите и подготовката на овој научен труд направена е анализа на документација со која располагаат единиците на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола, а која се однесува на бројот на активни студенти со попреченост на додипломски студии во учебната 2020/2021 и дипломирани студенти во последните пет години 2016-2021. Резултатите се презентирани во Табела 1.

| Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје | | |
|---|---|---|
| Единици | активни студенти со попреченост во 2020/21 | дипломирани студенти со попреченост во период 2016-2021 |
| Градежен факултет | 2 | |
| Правен факултет „Јустинијан Први" | 1 | 2 |
| Факултет за дизајн и технологии на мебел и ентериер | 1 | 1 |
| Факултет за земјоделски науки и храна | 1 | / |
| Фармацевтски факултет | 4 | / |
| Филозофски факултет | 9 | 10 |
| Филолошки факултет „Блаже Конески" | 6 | 2 |
| Машински факултет | / | 1 |
| Факултет за електотехника и информациски технологии | 1 | 1 |
| Педагошки факултет „Св. Климент Охридски" | 5 | 2 |
| Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола | | |
| Факултет за туризам и угостителство | / | 3 |
| Висока медицинска школа | / | 1 |
| Економски факултет | 3 | 1 |
| Факултет за информатички и комуникациски технологии | / | 1 |
| Вкупно | 33 | 25 |

*Табела 1. Запишани студенти со попреченост во 2020/21 и дипломирани студенти со попреченост во период 2016 - 2021*

Од добиените резултати можеме да видиме дека во 2020/21 година имаме мал пораст на студенти со попреченост во однос на изминатите пет години, но очиглено е дека бројките се незначителни во однос на вкупниот број на запишани студенти и на двата Универзитети. Исто така не постојат истражувања во кои е направена статистичка анализа колку од запишаните студенти со попреченост го завршиле/не го завршиле високото образование, што секако може да претставува предмет за ново истражување.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СТУДИРАЊЕ ПРЕКУ ФОРМИРАЊЕ ЦЕНТРИ ЗА ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

И покрај соодветните законски предуслови кои декларативно обезбедуваат спроведување на разумно прилагодување на образовниот систем кон индивидуалните потреби на лицата со попреченост, младите со попреченост се одлучуваат да студираат во помала мера. Причините за ова можат да бидат различни: од архитектонските бариери, сопствените и ставовите на животната средина за вештините и способностите на лицата со попреченост, но и честопати несоодветниот систем за поддршка во контекст на високото образование. Со цел да им обезбеди на сегашните и идните студенти со попреченост услови за квалитетно и подеднакво достапно образование и успешно студирање, голем дел од универзитетете во светот, меѓу кои и универзитети од држави на Балканскиот полуостров (Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Словенија) формираа универзитетски центри/канцеларии за студенти со попреченост кои обезбедуваат поддршка при прилагодување на часовите и испитите според видот на попреченост, обезбедуваат поддршка при решавање на специфичните потреби на студентите со попреченост, информирање и сензибилизација на академската заедница, информирање на сегашните и потенцијалните студенти со попреченост за можностите за поддршка во рамките на Универзитетот односно подобрување на квалитетот на студирање на студентите со попреченост.

Следејќи го примерот и позитивните искуства од формирањето и работата на Центрите за поддршка на студентите со попреченост во трудот презентираме модел на Центар за подршка на студентите со попреченост кој може да биде имплементиран во склоп на универзитетите и факултетите во нашата земја.

Инклузивноста во една високообразовна институција значи менување на целокупната клима на образовниот процес во таа институција, посветен тим кој ќе се труди не само да ја внесе инклузијата како поим во институцијата, туку и да се погрижи тие принципи и правила да се имплеменитраат, да се почитуваат и да се надградуваат.

Еден од условите за успешна инклузија е обезбедување тимски приод при решавањето на проблемите и задоволувањето на потребите на студентите од ранливите групи. Така, поддршката при спроведувањето на инклузивните процеси во рамките на Универзитетот треба да биде обезбедена од страна на Центарот за поддршка на студентите со попреченост кој треба да се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на универзитетот, односно да раководи и ги спроведува сите инклузивни процеси, соработува со професорите што се вклучени во образовниот процес на студентите со попреченост, со цел да се најдат оптимални решенија за сите тешкотии и предизвици со кои може да се соочат. Центарот треба да работи во координација со менторите на студентите со цел да се овозможи тимски приод и услугата да се адресира транспарентно.

Работата на Центарот треба да биде водена од страна на координатор за советодавна работа со студентите со попреченост, Совет на Центарот составен од членови од редот на наставниот кадар на Универзитетот од области релевантни за работата на Центарот и претставник од редот на студентите со попреченост.

Предлог активности кои треба да ги реализира Центарот за поддршка на студентите со попреченост се:

**ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ.**

Во нашата земја не постои сигурен и систематски начин за собирање податоци за лица со попреченост односно нема регистар на лица со попреченост ниту број на ученици/студенти со попреченост. Центарот може да формира регистар на студенти на попреченост во рамките на соодветниот Универзитет/факултет преку пополнување на анкетни прашалници со запишаните студенти со попреченост креку кои ќе се собираат искуства и информации за потребите на студентите, со цел да се испланираат активностите на Центарот, но и со цел да се следат индикаторите за зголемување на пристапот до поквалитетно високо образование.

**КРЕИРАЊЕ ВЕБ-СТРАНИЦА НА ЦЕНТАРОТ ЗА ПОДДШКА НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

Веб – страницата треба да содржи информации за активностите на Центарот, поддршка што студентите можат да ја добијат врз основа на попреченост во системот на високо образование, објавување стипендии, конкурси и слично, едукативни материјали (брошури, прирачници...) и слично.

**СТУДЕНТИ-АСИСТЕНТИ ЗА ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

Еден од клучните проблеми на студентите со попреченост се однесува на просторната пристапност. Просторните бариери го попречуваат и/или спречуваат пристапот, движењето, престојот, работата и образованието (Barić и cop., 2012). Со цел да се надминат просторните бариери, но и да се промовира социјалната димензија на високото образование, пожелно е ангажирање на студенти асистенти кои ќе им даваат поддршка на студентите со попреченост. Поддршката за студенти со попреченост претежно треба да вклучува поддршка за доаѓање/одење на факултет и движење низ обласста, поддршка за решавање на некои административни процедури, поддршка за набавка на литература и фотокопирање, сето тоа во согласност со претходно дефинираните потреби на студентите со попреченост. Покрај промовирањето на социјалната димензија на високото образование, оваа активност обезбедува соодветна и неопходна поддршка на студентите со попреченост, додека ангажирањето студентски асистенти презема чекори за да ја сензибилизира академската заедница за специфичностите на студирање на студентите со попреченост.

**ИФОРМИРАЊЕ И СЕНЗИБИЛИЗИРАЊЕ НА АКАДЕМСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО ОДНОС НА СТУДИРАЊЕТО НА СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ**

Ваквата активност подразбира континуирано реализирање на трибини, предавања, работилници со академската заеница со цел нивно информирање, сензибилизирање и едуцирање за спесифичните состојби на студентите со попреченост, но и нивните можности, способности и начини како поуспешно

да бидат вклучени во сите општествени текови и активности. Интерактивните средби и предавања ќе им овозможат на академската заедница директно да ги слушнат искуствата на студентите со попреченост и со тоа да направат чекор кон сензибилизирање на академската заедница за специфичностите на студирањето на студентите со попреченост. Досегашното искуство и истражувањата укажуваат на тоа дека спроведувањето на образованието пред се за наставниците, а потоа и административниот персонал за специфичностите и начините на прилагодување на академското опкружување на студентите со попреченост е крајно неопходно.

## ИНДИВИДАЛИЗИРАНО ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТИТЕ

Промовирањето на индивидуализиран пристап во наставата подразбира мноштво прилагодувања, пред сè, наставни методи и техники, на одреден студент со попреченост за да не се загрозат дефинираните академски стандарди (Fajdetić и сор., 2012). Клучни бариери за високото образование за студентите со попреченост често се недоволната сензибилизираност и едуцираност на наставниот кадар за соодветно прилагодување на наставата и начинот на следење на постигнувањата на студентите со попреченост. Обврска на наставниците е да им овозможат на сите свои студенти да стекнат еднакви резултати на учење на таков начин што учениците со попреченост нема да бидат ослободени од одредени активности, туку да најдат креативни начини преку кои студентите ќе ги исполнат барањата на одделните наставни содржини и покрај нивните тешкотии. Сепак, прилагодувањето на академските активности кон специфичните потреби на студентите со попреченост честопати недостасува како резултат на нефлексибилноста на универзитетскиот персонал или недостаток на знаење, вештини и компетенции за начините и методите на прилагодување, како резултат на недостаток на јасни упатства или процедури за справување со студенти со попреченост. Последица е дека или се намалува квалитетот на студиите или се намалува можноста за пристап до студентски обврски и права. Имено, еден од начините за изедначување на можностите за студирање на студенти со попреченост е адаптација на технологијата за испитување, која, во зависност од видот на попреченоста, може да вклучува употреба на специјални помагала, прилагодени материјали за испитување, продолжено време на испит, замена на писмениот испит со усмен и слични форми на прилагодување во зависност од попреченоста.

## СЛЕДЕЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СТУДИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Квалитетот во науката и високото образование е мултидимензионален и динамичен концепт, во кој акцентот е ставен на исполнување на општо прифатените стандарди и очекувања на општеството како целина, стремејќи се кон континуирано подобрување на сите процеси и нивните исходи. Во високото образование, осигурувањето на квалитетот е сеопфатен поим кој обично вклучува политики, процеси, активности и механизми со кои се препознава, одржува и развива квалитетот на високото образование. Некои од индикаторите за квалитет во високото образование во контекст на студентите со попреченост може да бидат: интересот за студирање на лицата со попреченост, достапни ресурси за студенти со попреченост, број на студенти со попреченост, постигнатиот успех на студенти

со попреченост на испити, напуштање на студиите на студенти со попреченост, дипломирани студенти со попреченост и сл. Неопходно е изготвување на Правилник за студирање на студентите со попреченост и Акционен план за одреден временски период во кој ќе се планираат активностите за подобрување на квалитетот на студирање на студентите со попреченост.

## СОРАБОТКА СО ИНСТИТУЦИИ И ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ КОИ РАБОТАТ НА ПОЛЕТО НА СОЦИЈАЛНА И ОБРАЗОВНА ИНКЛУЗИЈА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Меѓусебната соработка ќе овозможи вмрежување, размена на искуства, заеднички активности и реализирани проекти, од кои крајната цел е подобрување на условите за социјална и образовна инклузија на лицата со попреченост. Искуствата покажуваат дека преку проектни активности и грантови може да се подобри инфраструктурната пристапност, опремување на кабинетите со соодветни дидактички помагала и ассистивна технологија, семинари за наставниот кадар и сл.

## ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ

Промотивно-презентациските активности треба да се спроведуваат со цел информирање на сегашните и идните студенти со попреченост за работата на Центарот и за правата и поддршката што можат да ја добијат. Активностите треба да вклучуваат изработка на тематски летоци, едукативни брошури, снимани видеа, промотивни штандови кои ќе бидат од информативен карактер не само за тековните и идните студенти со попреченост туку и за пошироката јавност.

## ЗАКЛУЧОК

Инклузијата во образованието претставува процес на меѓусебно уважување на различноста на секој ученик/студент и на неговите потреби, каде што ученикот е во центарот на вниманието, а образовниот систем треба да се справи со предизвиците исправени пред сите учесници. Ова подразбира материјална, финансиска и кадровска подготвеност на високообразовните институции да одговорат на потребите на различните студенти, овозможување на наставни програми и помагала што ќе бидат адаптирани на индивидуалните капацитети и потреби и ќе одговараат на нивните афинитети. И покрај постоечкото законодавство и политики, истражувањата покажуваат дека дискриминацијата врз основ на ментална и телесна попреченост е широко распространет феномен во државата. Перцепцијата за дискриминацијата врз основ на ментална и телесна попреченост е доста висока - 42%. (Поповиќ, Михаиловска, 2013). Доколку овие податоци се споредат со податоците од, на пример, образованието и вработувањето на лицата со попреченост, шансите за самостоен живот, мобилност и учество во креирањето на политиките и донесувањето одлуки, огромната разлика меѓу перцепцијата и праксата станува многу очигледна.

Студентите со попреченост продолжуваат да бидат растечка демографска група на факултетските и универзитетските единици. Во академските институции не постојат ресурси што ќе го направат високото образование подостапно за студентите со различна попреченост ниту пак, се одвојуваат доволно финансиски средства за физичка адаптација на објектите наменети за теоретска и практична настава, а не постои ниту посебен фонд за асистивна технологија и за друга

адаптирана опрема со која би се зголемила ефикасноста во образовниот процес (Dimitrova-Radojičić, 2019).

Архитектонската недостапност на високообразовните институции, недостатокот на психосоцијална поддршка, негативните социјални ставови и социјалната изолација, како и недостатокот на финансиски средства, влијаат врз успехот и инклузијата на студентите со инвалидност во високото образование. Затоа, за да им станат достапни академските институции на лицата со инвалидност, важно е соодветно и наменски да се проектираат буџетските средства во државата, а и на самите универзитети (Ramot and Feldman, 2003); покрај стипендиите за студентите треба да се обезбедат средства за физичко адаптирање на објектите наменети за високообразовна дејност, набавка на компјутери, асистивна технологија и друга адаптирана опрема за поефикасно следење и совладување на програмските содржини (Dimitrova-Radojičić, 2019).

Неопходна е потребата од спроведување на сериозни реформи со кој ќе се подобрат условите за лицата со попреченост во високо образование, психо-социјалната поддршка, сервисите за поддршка и независно живеење, подигнување на јавната свест и борба за искоренување на дискриминацијата. Со основањето на Центар за поддршка на студентите со попреченост ќе се направи значаен чекор кон препознавање на важноста на еднаквите можности во образованието и обезбедување услови за квалитетно и подеднакво достапно и успешно студирање на студенти со попреченост. Активностите на Центарот ќе ги ги преземат првите чекори кон имплементација на законски регулаторни и стратешки документи кои ја нагласуваат обврската на високообразовните институции да ги изедначат можностите на студентите со попреченост во системот на високо образование.

**ЛИТЕРАТУРА**

1. Abu-Hamour, B. (2013). Faculty Attitudes toward Students with Disabilities in a Public University in Jordan. International Education Studies, 6(12), pp. 74-81.
2. Alliston, J. R. (2011). Postsecondary education of students with disabilities: Review of faculty and of students with disabilities perceptions for training. PhD. Re-trieved from ProQuest Dissertations & Theses Global.
3. Barić, A., Dolanc, I., Haničar, E., Pavlović, N., Španić, D., Udiljak-Bugarinovski, Z. (2012). Prostorna pristupačnost. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu.
4. Bourke, A. B., Strehorn, K. C., and Silver, P. (2000). Faculty members' provision of in-structional accommodations to students with LD. Journal of Learning Disabiliti-es, 33(1), pp. 26-32.
5. Cook, L., Rumrill, P. D., and Tankersley, M. (2009). Priorities and understanding of fac-ulty members regarding college students with disabilities. International Journal of Teaching and Learning in Higher Education, 21, pp. 84-96
6. Department of Education and Training. 2014. Appendix 5: Equity Performance Data for 2013. Available at: http://docs.education. gov.au/documents/2013-appendix-5-equity-performance-data [Accessed 20 Apr. 2018]
7. Dimitrova-Radojičić D, (2019). Attitudes and knowledge about inclusive education of students with visual impairment: Elementary and high school teachers, 7th ICEVI Balkan conference "Free access, real educational inclusion and unlimited technology", Sofia, Bulgaria.
8. Fajdetić, A., Farnell, T., Jokić-Begić, N., Miholić, D., Pribanić, Lj., Sekušak-Galešev, S. (2012). Opće smjernice. Zagreb: Sveučilište u Zagrebu.

9. Farnell, T. (2007). Ljudsko pravo na visoko obrazovanje u Hrvatskoj. Političko obrazovanje, 3(3-4), 103-110.
10. Farnell, T., Kovač, V. (2010). Uklanjanje nepravednosti u visokom obrazovanju: prema politici» proširivanja sudjelovanja «u Hrvatskoj. Journal Revija za socijalnu politiku,Vol.17 Iss.2 pp.257-275.
11. Hurst, D., and Smerdon, B. (Eds.). (2000). Postsecondary students with disabilities: Enroll-ment, services, and persistence. Washington, DC: U.S. Department of Education, Office of Educational Research and Improvement.
12. Јачова З. Самарџиска Панова Љ. Лешковски И. Ивановска М. (2002), Прирачник за проектот инклузија на деца со посебни образовни потреби во редовните училишта во РМ. Скопје: Биро за развој на образованието.
13. Lombardi, A. R., and Murray, C. (2011). Measuring university faculty attitudes toward disability: Willingness to accommodate and adopt Universal Design principles. Journal of Vocational Rehabilitation, 34(1), pp. 43-56. Lombardi, A., C. Murray, and J. Kowitt. 2016. "Social Support and Academic Success for College Students with Disabilities: Do Relationship Types Matter?" Journal of Vocational Rehabilitation, 44, pp. 1-13.
14. Marinić, M. (2008). Jesu li osobe s invaliditetom «invalidi»? Pitanje konceptualne naravi, ali i potreba izjednačavanja mogućnosti. Društvena istraživanja, 17(1-2), 93-94.
15. Macleod, G., and Cebula, K. R. (2009). Experiences of disabled students in initial teacher education. Cambridge Journal of Education,39, pp. 457-472.
16. Младинскиот образовен форум, (2018). Анализа на условите за лицата со посебни потреби во рамките на средното и високото образование, Скопје: ФООМ.
17. Поповиќ, М. Михаиловска, Ј. (2013). Барометар на еднакви можности. Скопје: Македонски центар за меѓународна соработка.
18. Raue, K., and Lewis, L. (2011). Students with disabilities at degree-granting postsecondary institutions. (NCES2011-018). U.S. Department of Education, National Center for Education Statistics. Washington, DC: U.S. Government Printing Office.
19. Ramot, A., and Feldman, D. (2003). Providing accessibility of the Hebrew University for people with disabilities, Har Hatzofim campus, Jerusalem. Shekel — community services for the disabled, the Israeli center for accessibility (Hebrew).
20. Sanford, C., Newman, L., Wagner, M., Cameto, R., Knokey, A., and Shaver, D. (2011, Sep-tember). The Post-High School Outcomes of Young Adults with Disabilities up to 6 years After High School: Key Findings from the National Longitudinal Transition Study2 (NLTS2). (NCSER 2011-3004). Menlo Park, CA: SRI International.
21. Закон за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09),
22. UNESKO (1994). The Salamanca Statement and Framework on Special Needs Edukation. Paris: UNESKO.
23. УНИЦЕФ, (Декември, 2014), Извештај за Мапирање на организациите во областа на попреченост, Скопје, стр. 14.
24. Закон за високо образование („Сл.весник на РМ" бр.35/08, 103/08, 26/09 и 99/09).